Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 25-137/38
17-02-2021 год.
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Согласно чл. 4 став 2 од Одлуката бр. 25-1553/1 од 11.11.2020 година и Одлуката бр.25-1553/4 од 3.2.2021 година и Одлуката бр. 25-137/2 од 25.1.2021 г. за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Изборната комисија донесе Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, го утврдува образецот на записникот, известувањата и сл., ја чува и прави увид во изборната документација и одговара за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите.

По назначувањето на Изборната комисија од страна на деканот, Изборната комисија ја презеде целокупната постапка..

**Кандидати за претседател и членови во Факултетското студентско собрание (ФСС)**

Согласно со наведената одлука, кандидатите за претседател и членови во факултетското студентско собрание сами се пријавуваа во Архивата на Факултетот или електронски на arhiva@flf.ukim.edu.mk со поднесување пријава за претседател или за член на ФСС.

Факултетското собрание на Факултетот, согласно со одредбите од Статутот и Одлуката е составено од 25 члена, од кои 1 претседател и 24 членови, и тоа: по 6 претставници од прва, втора и трета година прв циклус студии, 4 претставници од четврта година и по 1 претставник од постдипломски и од докторски студии.

**Спроведување на изборите**

Претседателот и членовите на Факултетското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право на уште еден избор.

Поради условите наметнати поради пандемијата со ковид-19, тајното гласање ќе се спроведе електронски на посебна платформа.

Право на глас, односно право да избираат и да бидат избрани во Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот од наведените студиски години/ циклуси што се запишани или што направиле упис во летниот семестар од акад. 2020/2021 година, т.е. студентите што го имаат регулирано својот статус (запишани во тековниот семестар како редовен или вонреден студент) можат да го остварат своето гласачко право.

Секој студент ќе има право да гласа само еднаш, и тоа за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание од истата студиска година во која тој/таа е запишан/а.

На гласачкиот список ќе бидат наведени сите пријавени кандидати со реден број пред името и презимето и со дополнителни податоци за бр. на индекс, студиската година,

катедрата и за редниот број на нивните пријави. Сите пријавени кандидати ги задоволуваат условите наведени во Одлуката бр. 25-137/2 од 25.1.2021.

Студентот се регистрира со својата електронска адреса на платформата. По регистрацијата на платформата, ја бира својата студиска година (прва/ втора/ трета или четврта студиска година). По изборот на студиската година ќе добие список на кандидати за претседател и список за **пријавените кандидати за членови на ФСС од таа студиска година.**

Од понудените **кандидати за претседател (вкупно 2), студентите имаат право да гласаат само за 1 кандидат**.

Студентите од прва година, од понудените **кандидати за членови на ФСС од прва година (вкупно 6), имаат право да гласаат за 6 кандидати**.

Студентите од втора година, од понудените **кандидати за членови на ФСС од втора година (вкупно 8), имаат право да гласаат за 6 кандидати**.

Студентите од трета година, од понудените **кандидати за членови на ФСС од трета година (вкупно 6), имаат право да гласаат за 6 кандидати**.

Студентите од четврта година, од понудените **кандидати за членови на ФСС од четврта година (вкупно 13), имаат право да гласаат за 4 кандидати**.

Гласањето е на ден 24.2.2021 во период од 11:00 до 14:00 часот и се врши на линкот до платформата, наведен во официјалното соопштение на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје.

Гласањето се врши на тој начин што се селектира со клик прозорчето пред името и презимето на кандидатот/ кандидатката за кого се гласа.

За претседател и членови на Факултетското студентско собрание се избираат оние кандидати што освоиле најмногу гласови.

Во случај ниту еден студент да не го оствари своето гласачко право за одредена студиска година или за одреден циклус, тогаш изборите се повторуваат за таа студиска година или за тој циклус.

Во случај кога кандидатите што имаат ист број на гласови, а се повеќебројни од местата за член на Факултетското студентско собрание, гласањето се повторува.

Скопје, 17.2.2021 година

Членови на изборна комисија:

м-р Бранка Гривчевска

___________________________

м-р Ивана Дуцкиновска

I.Duckinoska

___________________________

Дијана Митрова, студент

___________________________

Андреа Делипапаз, студент

___________________________

Дарко Митевски, студент

___________________________

Декан на Филолошкиот Факултет
проф. д-р Анета Дучевска

___________________________

Универзитет Св. Кирил и Методиј * Република Северна Македонија * Филолошки факултет "Блаже Конески" СКОПЈЕ